Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
03-1242/3
27.10.2024 год.

# ДОКУМЕНТИ И УПЛАТИ ПОТРЕБНИ ПРИ ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ВО 2 ГОДИНА (III СЕМЕСТАР ) НА ФВМ-С ВО АКАДЕМСКАТА 2024/2025 ГОДИНА

Запишувањето на зимскиот семестар ќе биде во следните термини од **28.10.-31.10.2024 година.**

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

1. Статистички лист за 2024/2025 Образец ВОИ.20 (се купува во книжара);
2. Пополнет индекс за зимскиот семестар 2024/2025 (**се презапишуваат неположените предмети од претходниот зимски (I) семестар по редослед и потоа се продолжува со запишување на задолжителни/изборни предмети од III семестар по истиот редослед до 30 кредити. Предметите не смеат да го надминат вкупниот број на кредити утврден со Универзитетскиот правилник (студентите во еден семестар запишуваат минимум 21, а максимум 35 ЕКТС кредити);**
3. **Потврда за персонално осигурување на увид** (секој студент може да се осигура во било која осигурителна компанија која што самиот ќе ја избере).

## ЕЛЕКТРОНСКО ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТРИ

Почитувани студенти,

Во продолжение споделуваме неколку важни информации кои се однесуваат на постапката за запишување на зимскиот семестар, кои треба внимателно да ги прочитате:

## I. ЕЛЕКТРОНСКО ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТРИ

Како дел од процесот на дигитализација на административните постапки на Универзитетот, почнувајќи од зимскиот семестар од учебната 2024/2025 година, заверувањето и запишувањето на семестрите ќе се извршува исклучиво по електронски пат, без потреба од пополнување и поднесување на хартиени обрасци за запишување и заверка на семестаорт.

Системот автоматски ги креира споменатите обрасци врз основа на податоците што студентот ги внесува при изборот на предмети што планира да ги запише во претстојниот семестар (Образец за запишување на семестар), како и врз основа на електронските потписи внесени во iKnow системот од страна на предметните наставници, во врска со реализираните обврски во претходниот семестар (Образец за заверка на семестар).

Документите се појавуваат во јазичето (табот) „Документи“ во профилот на студентот.

**ВАЖНО:** Бидејќи во процесот на автоматско генерирање на споменатите обрасци, iKnow системот проверува дали студентот има добиено потписи за предметите кои ги слушал во семестарот што се заверува, а поради можната условеност на предметите кои студентот сака да ги запише во следниот семестар, системот ги проверува и претходно положените предмети, **ве замолуваме да се најавите на своите профили и да проверете дали се внесени во iKnow системот потписите за слушаните предметите и оценките за положените испити.**

**Доколку недостасуваат потписи или оценки обратете се на предметните професори.**

При запишување на секој семестар, во пресметката на вкупните трошоци се придодава нова ставка „Запишување и заверување на семестар“, со цена на чинење 100 денари по семестар, наменети за покривање на трошоците за реализација и одржување на дигиталната услуга. Уплатените средства се однесуваат на запишување и заверување на тековниот семестар.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

## II. ЕЛЕКТРОНСКО ПЛАЌАЊЕ ПРЕКУ IKNOW СИСТЕМОТ

Од минатата учебна година плаќањето на трошоците кои произлегуваат од процесот на студирање може да се изврши електронски, со платежна картичка, директно од профилот на студентот во iKnow-системот.
На истиот начин студентот може да врши уплати по основ на трошоци за други услуги на факултетот, како што се: издавање на разни уверенија, потврди и друг вид на обрасци.

Во врска со безбедноста при овој начин на плаќање ве информираме дека податоците од платежните картички не се регистрираат од страна на iKnow-системот. Делот од постапката каде се внесуваат податоците од картичката се врши на интернет страницата на КаСис, кој е независен процесор кој нуди услуги на деловни банки, финансиски институции и други заинтересирани субјекти од областа на работењето со платежни картички и електронската трговија и ги поседува потребните сертификати за заштита на податоците.

Видео упатство (https://www.youtube.com/watch?v=rpxeaabeIRw)

**Доколку студентот сепак одлучи плаќањето на трошоците да го изврши вирмански, тогаш ќе треба доказот за уплатата, лично да го достави до службата за студентски прашања на факултетот.**

Вирманските уплати одат по следниот редослед:

1. Потврда за уплатени **100 денари** за трошоци за електронско запишување и заверување на семестарот
   - образец: **пп 50**
   - цел на дознака: **трошоци за електронско запишување и заверување на семестарот**
   - назив на примачот: Универзитет Св. Кирил и Методиј
   - депонент (банка на примачот): НБРСМ
   - износ: = 100,00 ден



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

- сметка: 100000000063095
- сметка на буџетски корисник: 1600103689 788 18
- приходна шифра и програма 723019 41

2. Потврда за уплатени **750 денари** за информативни, културни и спортски активности на студентите на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (ИКСА на УКИМ)
   - образец: **пп 50**
   - цел на дознака: **ИКСА на УКИМ** (Факултет за ветеринарна медицина - носител на студиска програма)
   - назив на примачот: Универзитет Св. Кирил и Методиј
   - депонент (банка на примачот): НБРСМ
   - износ: = 750,00 ден
   - сметка: 100000000063095
   - сметка на буџетски корисник: 1600103689 788 18
   - приходна шифра и програма 723012 41

3. **Потврда за уплатени кредити** во износ од 205,00 денари по кредит (односно 410,00 денари по кредит, за школарина), на жиро-сметка на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје (ФВМС)
   Име и Презиме на студентот со ЕМБГ Задолжително
   - образец: **пп 50**
   - цел на дознака: Надоместок за презапишување на предмети **(инаку уплатницата нема да се прима)**
   - назив на примачот: Факултет за ветеринарна медицина - Скопје
   - депонент (банка на примачот): НБРСМ
   - износ: *денарска противвредност од 205,00 денари по кредит (односно 410,00 денари по кредит, за школарина) по среден курс на НБРМ на денот на уплата*


Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

- сметка: 100000000063095
- сметка на буџетски корисник: 1600104561 788 15
- приходна шифра и програма: 723012 41

4. Потврда за уплатени **300 денари** за книжен фонд на ФВМС, на жиро-сметка на ФВМС(ПП50). Име и Презиме на студентот со ЕМБГ Задолжително

- цел на дознака: **За книжен фонд на ФВМС**
- износ: = **300,00 денари**
- образец: **пп 50**
- назив на примачот: Факултет за ветеринарна медицина во Скопје
- депонент (банка на примачот): НБРСМ
- сметка: 100000000063095
- сметка на буџетски корисник: 1600104561 788 15
- приходна шифра и програма: 723012 41

По завршување на електронската или вирманска уплата за запишување на семестарот, студентите треба да ги достават пополнетите индекси (и вирмани за оние студенти кои уплатите ги извршиле вирмански) на увид, во Службата за студнетски прашања, за да се запише соодветниот семестар.

Со почит,

Продекан за настава,

проф. д-р Ксенија Илиевска



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk